# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ 2024 // CIVICAMOBILITAS.MK

МАГАЗИН БР.19





Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

CIVICA MOBILITAS

# ДА ЈА ПРИМЕНИМЕ ПОДГОТВЕНОСТА ЗА СОРАБОТКА

**„Убеден сум дека во дијалог со невладините организации ќе можеме да градиме подобри политики, ќе можеме да носиме поквалитетни одлуки за одредени сфери од општеството“. Ова беше една од пораките на премиерот Мицковски испратена кон претставниците на граѓанските организации на Националниот форум на Цивика мобилитас што се одржа на 15 ноември 2024 година.**

**Подготвеноста на премиерот за соработка со граѓанските организации беше поткрепена со учеството на уште пет министри од Владата како и на Генералниот секретар Јанушев. Подготвеноста на граѓанските организации беше поткрепена со учеството на околу 200 претставници.**

**Потребата од соработката на националната власт и граѓанските организации нема потреба посебно да се констатира. Таа не е само од интерес на Владата и на граѓанските организации, уште поважна е за нивните крајни корисници, за граѓаните. Дел од претставниците на Владата во нивните обраќања демонстрираа консултации со граѓанските организации во процесите на измени или носење на политиките. „Ни случајно нема да правиме стратегија во која нема да бидат вклучени невладините организации“, рече министерката за образование и наука Весна Јанева одговарајќи на прашањето за консултациите поврзани со националната стратегија за образование што треба да биде донесена во 2026 година. Таа рече дека МОН веќе вклучило 40 граѓански организации во консултациите за носење или измени на шест закони поврзани со образованието.**

**Интересно беше да се слушне дека дел од министрите, нас, од граѓанските организации не доживуваат како критичари, а не критизери. „Добар критичар дава конструктивна критика која носи решенија“ вели министерот за дигитална трансформација Стефан Андоновски. Неговите очекувања од граѓанските организации не се само во нудењето на решенија за подобрување на политиките, туку, уште повеќе во користење на експертизата која според него „природно би требало да доаѓа од граѓанскиот сектор“. Ваквиот придонес на граѓанските организации, според него, е од непроценливо значење и е врска помеѓу граѓаните и институциите.**

**И другите владини претставници покажаа подготвеност и отвореност за соработка. Организирајќи го овој форум, во соработка со Владата, Цивика мобилитас помогна да се возобноват или да се воспостават меѓусебни контакти и да се договорат последователни средби.**

**Се надеваме дека таа подготвеност нема да остане само како декларација, барем ние од секторот ќе се потрудиме да ги „држиме за збор“ министрите, генералниот секретар и премиерот. Тоа ќе ни овозможи на сите, на следната средба да зборуваме за резултатите, а не само за плановите.**

**Пријатно читање!**

**Гонце Јаковлеска**
**Национален координатор на**
**Цивика мобилитас за ИКО**

***Им благодариме на:*** Центарот за климатски промени (ЦКП), Центар за истражувања и анализи НОВУС, Центарот за граѓански иницијативи од Прилеп, Центарот за граѓански комуникации, Граѓански ресурсен центар (ГРЦ), Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Младиснки совет Прилеп, Фондација Метаморфозис, Балканскиот институт за регионална соработка (БИРС), Гласен текстилец од Штип, Едукативно-хуманитарна организација (ЕХО), „СЕКОГАШ СОЖИВОТ“ од Прилеп, Здружението за истражување и анализи ЗМАИ, ХЕРА, Заедно посилни, 360 СТЕПЕНИ, Радио Слободна Европа, Рурална Коалиција, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН), и „Меѓаши“ за поддршката и пристапот до информациите при подготовката на текстовите за овој број.

***Фото архива:*** МЦМС, Цивика мобилитас, Граѓански ресурсен центар, Рурална Коалиција, НОВУС, ХЕРА, Центарот за климатски промени (ЦКП), БИРС, Центар за граѓански иницијативи, Хелсиншки комитет за човекови права, Младисн-ки совет Прилеп,Фондација Метаморфозис, Радио Слободна Европа, Сакам да кажам, Гласен текстилец, ЕХО, ЗМАИ, ХЕРА, Заедно посилни, 360 СТЕПЕНИ и ОЖОСВН.



ТЕМА

# ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН

# Предавања за подобро здравје во Пелагонија





Во текот на декември, се одржаа три предавања на тема „Превенција за подобро здравје“ во општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени на кои присуствуваа најмалку 90 учесници од различни возрасти. Целта на предавањата беше да се подигне свесноста на локалното население за значењето на здравствената превенција и промоција на здрави животни навики.

Со предавањата беа опфатени различни аспекти на здравјето, како превенција на хронични болести, важноста на здравата исхрана и редовната физичка активност. Особено внимание беше посветено и на менталното здравје и техниките за справување со стрес.

Присутните дознаа за важноста на редовните здравствени прегледи и како да управуваат со ризичните фактори, како што се пушењето и нездравата исхрана. Тие покажаа активен интерес за превентивните мерки и побараа дополнителни информации за здрави навики.

Трите предавања на тема „Превенција за подобро здравје“ се дел од проектот „Нејзин глас – нејзина моќ: зајакнување на маргинализираните жени и девојки во Пелагонија“ што го спроведува Центарот за граѓанска иницијатива – Прилеп во партнерство со Здружението за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА ПЕТ од Прилеп и Мултиетничко здружение за сите возрасти од с. Црнилиште, Долнени.

# Едукативни работилници за борба против насилството: Подигнување на свеста во различни градови

**„Прекини го молчењето, запри го насилството“**

Во рамките на Меѓународната кампања „16 дена активизам за елиминација на насилството врз жените и семејното насилство“, беа организирани три едукативни работилници за подигнување на свеста за насилството и промовирање на механизми за превенција и заштита во различни општини во Македонија. Работилниците се одржаа во ноември и декември 2024 година во Канатларци, Могила и Кочани.

На 27 ноември 2024 година, во Канатларци, беше одржана првата работилница на која учествуваа жени и млади. Предавањата беа насочени кон препознавање на различни форми на насилство, како и на значењето на личната безбедност и превенцијата од семејно насилство. Работилницата ја водеа Мирјана С. Недановска, началничка на Отсекот за превенција, и инспекторите Ките Трајковски и Мелек Ј. Текешаноска. Учесниците беа поттикнати да ја прифатат одговорноста за сопствената и заштитата на нивните најблиски и да се борат против насилството, истакнувајќи дека оваа борба е одговорност на целото општество.

Работилница се одржа и во Могила, на 30 ноември 2024 година. Темите беа исти, а на предавачите им се придружи и инспекторката Каролина Димеска. Присутните беа информирани за достапните механизми за заштита и правата на жртвите на насилство. Работилницата ја истакна важноста на едукацијата како клучен фактор во создавањето на посигурна заедница, каде секој има право на живот без страв и насилство.

Последната од серијата работилници се одржа на 7 декември 2024 година во општина Кочани. Мартина Гагоски, правник, им помогна на учесниците да го разберат зголемувањето на психолошкото насилство и да дискутираат за неговите последици. Присутните активно дебатираа и споделија хипотетички примери, истовремено изразувајќи голема посветеност кон елиминација на насилството во сите форми. Работилницата нагласи дека борбата против насилството е постојана обврска за сите членови на заедницата и дека треба да се работи на градење општество без насилство.

Овие едукативни настани беа дел од проектот „Гласот и учеството на жените и младите во: Креирање јавни политики и овозможувачка средина за граѓанско учество“, што го спроведува „Женска граѓанска иницијатива АНТИКО“ во партнерство со Здружението „СЕКОГАШ СО-ЖИВОТ“ и „ЗОК АДРИОН“.

# Поддршка на жените и младите во заедницата во фокусот на ОЖОСВН



Во изминатите месеци, Организацијата на жените на Општина Свети Николе реализираше низа настани и активности со цел да се подигне свеста за здравјето, граѓанскиот ангажман и родовата еднаквост, како и да се поттикне активното вклучување на девојките и младите жени во заедницата.

Од 28 до 31 октомври 2024 година, ОЖОСВН организираше тридневна обука за граѓански ангажман и активно вклучување на девојките и младите жени во општините Свети Николе, Кочани, Пехчево, Кавадарци, Неготино и Штип. Целта беше да се поттикнат младите жени да бидат поактивни во нивните локални заедници, како и да се подигне свеста за важноста на родовата еднаквост и женскиот активизам.

Организацијата го одбележа октомври, месецот за подигнување на свеста за ракот на дојка. На 26 октомври 2024 година, во соработка со општина Свети Николе организираа настан на кој граѓаните преку музика, интерактивни предавања и бесплатни прегледи имаа можност да се информираат за грижа за себе си и своето ментално и физичко здравје.

„Заедничка грижа: Превенција и здравствени совети за машкото и женското здравје" беше насловот на трибината што се одржа на 26 ноември 2024 година. Целта беше да се зголеми свеста за важноста на превентивните здравствени мерки и да се нагласи потребата за грижа за здравјето на мажите и жените. Грижата за здравјето не запре тука, на 19 декември 2024 година, ОЖОСВН постави штанд на кој граѓаните се информираа за работата на организацијата, како и за здравствените програми што ги нудат. Акцентот беше ставен на промоција на Здравствената програма на ОЖОСВН. На граѓаните им беа поделени и флаери со водич за само-преглед на дојка, како дел од напорите за подигање на свеста за важноста на здравствената превенција.

ОЖОСН успешно ја води групата за самопомош на жени заболени и лекувани од малигни болести. Тие на 26 декември 2024 година направија работилница за оценка на која присуствуваа 23 жени кои изразија задоволство од можноста директно да ги изразат своите идеи и предлози, а со тоа да помогнат во планирањето на идните активности кои ќе придонесат за нивно подобро здравје и благосостојба.

Со овие активности, ОЖОСВН продолжува да работи на унапредување на здравјето и благосостојбата на жените и младите во заедницата, како и на охрабрување на активен и одговорен граѓански ангажман.

# Волонтерството како пат за личен раст и општествени промени

Со настанот „Инспиративни разговори за волонтерството" Коалицијата на младински организации СЕГА и Младинскиот совет од Прилеп го одбележаа Меѓународниот ден на волонтерството на 5 декември 2024 година во Градската библиотека „Борка Талески" во Прилеп.

Зоран Илиески, извршниот директор на Коалицијата СЕГА им се обрати на педесетмината учесници на настанот. Тој ја нагласи суштинската улога на волонтерството како катализатор за општествени промени и личен развој и опиша како преку волонтирањето стекнал организациски вештини, научил како да води тимови и како да ги мобилизира заедниците за остварување заеднички цели. Со неговиот говор ги охрабри младите да продолжат да бидат активни, споделувајќи дека најголемата награда од волонтирањето е чувството дека си направил нешто значајно за другите.

„Волонтирањето не е само помош за заедницата, туку и уникатна можност за личен раст и градење трајни врски со луѓето. Со секој проект научив нешто ново за себе и за моќта на заедничката акција", истакна Илиески.

Настанот продолжи со обраќања од градоначалникот на Општина Прилеп, д-р Борче Јовчески, кој посочи дека волонтерите се срцето на секоја заедница и упати апел младите да продолжат да волонтираат и да ја градат својата иднина преку активно учество во иницијативи што носат позитивни промени.

Свое обраќање имаше и претседателката на Република Северна Македонија, г-ѓа Гордана Силјановска-Давкова. Претседателката ги поздрави присутните и истакна дека волонтерството е важен столб на секое општество, поттикнувајќи го младинскиот дух на заедништво и солидарност. Таа го истакна значењето на волонтерството како чин на алтруизам и солидарност и истакна дека „преку волонтерската работа се градат вредности како доверба, соработка и чувство на заедништво". Претседателката ги охрабри младите да продолжат да вложуваат во заедницата преку своето време, труд и идеи, нагласувајќи дека „токму тие се двигатели на позитивните промени".




Давкова своето обраќање го заврши со доста инспиративни зборови упатени до младите, „Во секој од нас лежи исконска потреба да помогнеме на другиот и токму во тој момент, кога ќе подадеме рака, се очовечуваме. Кога правиме добро, се создава хармонија во нас и околу нас. Тоа е синергија која ги надминува границите на личното и се прелева во колективното“.

Присутните активно учествуваа во дискусијата, поставувајќи прашања за тоа како да започнат со волонтирање, како да ги надминат пречките, да останат мотивирани и да се инспирираат од искуствата на говорниците. Говорниците ги охрабрија младите да ги следат своите интереси за волонтирање, бидејќи волонтерството нуди можност за личен развој, но и за значајни придонеси во заедницата.

## Преку јакнење на капацитетите на локалните власти до подобро спроведување на Зелената Агенда за Западен Балкан

Проектот за спроведување на Зелената агенда за Западен Балкан (ЗАЗБ) на локално ниво, кој го реализира Центарот за климатски промени во соработка со уште седум партнери, продолжува да ги покрива сите региони во Македонија преку серија регионални обуки и работилници. Целта на овие активности е да се унапреди примената на политиките за животна средина, со акцент на декарбонизација, циркуларна економија, спречување на загадувањето и одржливото производство на храна.

Како дел од проектот, во последните месеци од 2024 година се реализираа 5 обуки во различни региони, каде што претставници од општините, граѓанските организации и други локални чинители ги идентификуваа главните предизвици и приоритети за спроведување на Зелената агенда. На регионалните средби, учесниците дискутираа за важноста на локалните еколошки стратегии и планови, при што се истакна дека многу општини се соочуваат со проблеми и предизвици како што се несоодветно управување со отпадот, недостаток на инфраструктура за водоснабдување и пречистување, како и неефикасни системи за справување со пожарите.

Во Источниот плански регион, обуката организирана во Берово ги собра претставниците од Источниот плански регион, кои дискутираа за решенија за справување со овие проблеми и важноста на поефикасното спроведување на политиките за животна средина. Исто така, беше истакнато дека се потребни конкретни чекори за унапредување на руралните заедници и земјоделскиот сектор преку промоција на еколошко и органско земјоделство.

На работилниците во Вардарскиот и Југоисточниот плански регион, акцентот беше ставен на проблемите со отпадот, транспортот и водоснабдувањето, како и потребата за модернизација на инфраструктурата и развој на системи за рециклирање и поефикасно управување со природните ресурси. Обуките исто така вклучуваа примери на добри пракси и можности за инвестирање во обновлива енергија преку ИПАРД програмата.

Во Скопскиот и Полошкиот регион, се идентификуваа сериозни предизвици во координацијата помеѓу општините и недостатокот на ресурси за спроведување на зелени мерки. Претставниците на општините и граѓанските организации се согласија дека е потребна поголема комуникација, инвестиции во инфраструктурата и кампањи за едукација на јавноста за значењето на одржливиот развој.

Особено важно е што, според последните податоци, од вкупно 81 општина во Македонија, само 20% имаат

Локален еколошки акциски план (ЛЕАП), а повеќето од општините не ги имаат ажурирано своите планови. Ова го покажува недостатокот на ефикасна примена на локалните стратегии за животна средина, што укажува на потребата од поголема поддршка и ресурси за локалните власти.

Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас и има за цел да создаде регионално партнерство за подобро спроведување на Зелената агенда на локално ниво. Следните чекори вклучуваат редовни работни состаноци, модернизација на инфраструктурата за мониторинг на водите и воздухот, како и воведување на системи за селекција на отпад и поефикасна контрола на еколошките стандарди.

## Марш: Обединети против насилството врз жените и девојките!




Како дел од глобалната кампања за 16 денови активизам против насилството врз жените и девојчињата, на 6 декември 2024 година во Штип се одржа инспиративен марш под мотото: „Обединети против насилството врз жените и девојките." Организиран од страна на Едукативно-хуманитарна оргазнизација (ЕХО), во соработка со општина Штип и со несебична поддршка на Гласен Текстилец, настанот беше доказ дека заедно можеме да создадеме трајна промена.

Средношколците активно учествуваа во маршот, носејќи транспаренти и испраќајќи силна порака за солидаарност и акција. Нивната енергија го засили заедничкиот повик за промена и покажа дека младите се подготвени да се борат за побезбедна и поеднаква иднина.

Маршот не беше само симболичен настан – беше и можност за интерактивни дискусии со младите. Темите на дискусијата вклучуваа различни видови насилство, разбивање на стереотипите и предрасудите, како и градење култура на еднаквост и превенција. Сите присутни испратија јасна порака дека насилството е неприфатливо, а само обединети може да создадеме вистинска и трајна промена.

Во ЕХО секојдневно работат на зајакнување на жените и девојките преку нивниот Центар за интегративен мултисекторски пристап, обезбедувајќи пакет услуги за жените изложени на насилство и залагајќи се за правни реформи кои ќе ги заштитат жртвите.

Организацијата активно се залага за правни реформи, а клучната промена што ја бараат е измена на член 130, став 2 од Кривичниот законик, што ќе овозможи сторителите на насилство да бидат гонети по службена должност, а не само по предлог на жртвите. Оваа промена е од суштинско значење за обезбедување вистинска правда и заштита на жртвите.

Маршот беше само една од активностите кои ја нагласуваат важноста на обединување во борбарта против насилството.

## Економскиот јаз и работничките права како предизвици за спречување на насилството врз жените

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство организираше панел-дискусија на тема „Важноста од родовата еднаквост за спречувањето на насилството врз жени и девојчињата". Преку излагањата на панелистките беа опфатени неколку аспекти на родовата еднаквост, кои се основни предуслови за намалувањето на насилството врз жените.

Ана Бојчевска Митревска од „Реактор" говореше за економските нееднаквости, посебно за јазот во платите и предрасудите кон жените, особено тие кои имаат деца. Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права, ја презентираше ситуацијата со работничките права на жените, со фокус




на предизвиците со кои се соочуваат текстилните работнички, додека пак Лилјана Јоноски, извршна директорка на Рурална Коалиција, се осврна на жените од руралните средини и колку стереотипите и традиционалните норми влијаат врз нивната свест и едукација за родово-базираното насилство. За потребата од институционална поддршка на жртвите на семејно насилство споменувајќи дека само 2% од истото се пријавува, како и за потребата од развој на специјализирани услуги за превенција и заштита на жртвите на семејно, родово-базирано и секаков вид на насилство говореше Ана Аврамоска-Нушкова од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство

На панел дискусијата беа соопштени поразителни факти за состојбата со родовата еднаквост и нејзината директна поврзаност со насилството врз жените. Се зголемува јазот во платите меѓу мажите и жените, разликата во просечната заработувачка меѓу мажите и жените разоткрива специфичности кои укажуваат на дискриминација на жените на пазарот на трудот. Постоењето на еднаквост меѓу мажите и жените во РС. Македонија е само флоскула, таа сè уште не постои, затоа што жените и мажите немаат еднакви можностите, беше кажано на дискусијата.

Една од најзагрозените категории жени се земјоделките кои тешко остваруваат право на породилно отсуство, работат во неформалната економија и се грижат за децата и токму економскиот аспект ги ограничува да го пријават насилството, кое во руралните средини сè уште се смета за приватна работа.

Центрите за социјална работа и полицијата кои се првите на кои треба да им се обратат жртвите на родово базираното насилство немаат доволно ресурси за да постапуваат со должно внимание, сигурните куќи нудат само привремено засолнување на жртвите на насилство, државата нема механизми за економско зајакнување и жените жртви кои често се враќаат кај насилникот затоа што немаат друг избор. За позитивен пример беше издвоен проектот со социјалното менторство кое им овозможува на жените да најдат работа, да се осамостојат и да се ослободат од кругот на насилството.

# Граѓанско учество

## На „производот" му треба доработка

**Постојат ли иновации на универзитетите?**

„Универзитетите се место за истражување, нови технологии и трансформативни иновации, од кои произлегуваат стартапи кои би го промениле светот. Но недостатокот на значајни средства во Македонија го прави Универзитетот и не баш најповолно место за иновации во биотехнологија, чиста енергија и вештачка интелигенција", вели Васко Карангелевски, извршен директор на БРУЛЗ и експерт за дигитална трансформација во **колумната** објавена на 19 декември 2024 година.

Според него, клучниот проблем за иновациите е во јазот меѓу академските истражувања и комерцијализацијата. За ова е потребен пристап до финансии за развој и комерцијализаци-ја, солидно разбирање на бизнис принципите, менаџирање со интелектуалната сопстве-ност и разбирање на празните динамики. Иако стартап заедницата расте и нуди поддршка, иновациите често остануваат невидливи, а интелектуалната сопственост не се искористува.

Оваа состојба го наметнува прашањето дали воспоставување спиноф компании од страна на универзитетите е решение за комерцијализација на иновациите? Или можеби проблемот е што универзитетите немаат легален и прифатлив модалитет за создавање на спиноф компании?

Карангелески се надева дека следните дебати за високото образование ќе постават цврсти легални основи за воспоставување на универзитетски спин-оф компании, кои ќе овозможат искористување на настанатата интелектуална сопственост, преку комерцијализација на решенијата, и финансиски бенефит на Универзитетот од успешните приказни. Во секој случај, како што вели тој впечатокот е дека на „производот" т.е. и на студентот и на Универзитетот му треба доработка.

**Колумната** *е изработена во рамки на проектот „Застапување за инклузивен развој" кој го спроведуваат Форум за разумни политики, ИОХН и БИРС, а финансиски поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата* **Цивика мобилитас**.

# Недоволна употреба на податоците од Регистарот на вистински сопственици во борбата против корупцијата

По повод Меѓународниот ден за борба против корупцијата, 9 декември, Центарот за граѓански комуникации и Здружението на даночни советници и Активо ја објавија **Анализата на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија**.

Резултатите од анализата покажуваат дека надлежните институции во земјава малку ги користат податоците за вистинските сопственици во насока на спречување, откривање и санкционирање на перењето пари и во борбата против тероризмот, а воопшто не ги користат за други цели и за спречување корупција, криминал и злоупотреби во другите области.

Особено загрижувачки е фактот што Управата за финансиско разузнавање и институциите имаат различни податоци за бројот на случаи против перењето пари и финансирањето тероризам, што укажува на недостаток на единствен систем за следење на овие случаи. Од 2022 до април 2024 година, Управата примила 194 иницијативи од надлежните органи од кои, изработила и поднела 21 извештај до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Во истиот период поднела до обвинителството и 50 извештаи за сомнителни трансакции, по сопствена иницијатива, што значи дека од вкупно 71 извештај што Управата го има поднесено до Обвинителството, 70 % се по сопствена иницијатива.

Дополнително, од 17 институции во земјава со коишто Управата треба да соработува, од кои осум според законот треба да се борат против перењето пари и финансирањето тероризам, само две имаат конкретни бројки за случаите за коишто користеле податоци од Регистарот на вистински сопственици.

За време на кризата со КОВИД-19, Северна Македонија не ја презеде обврската препорачана од ММФ и не ги објави имињата на вистинските сопственици на фирмите што склучиле договор за јавни набавки поврзани со корона-кризата.

Земјата не ја спроведе ниту заложбата од Националниот акциски план за Партнерството за отворена власт 2021 – 2023 односно не ги објави јавно вистинските сопственици на фирмите понудувачи и на оние што добиле договор за јавна набавка.

За подобра употреба на податоците за вистинските сопственици во земјава, потребно е да се преземат неколку клучни мерки. Па така, препораките се фокусираат на проширување на опфатот на вистинските сопственици, олеснување на пристапот до податоците до поширок круг на засегнати страни, поврзување со други бази и податоци, поголема интер-оперативност меѓу институциите и унапредување на проверката на податоците. Овие мерки ќе придонесат за зајакнување на борбата против криминалот и корупцијата, како и за подобрување на транспарентноста во јавните набавки и другите области од јавен интерес.

*Анализта е дел од проектот „Користење на податоците за вистинските сопственици за намалување на корупцијата", поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.*

# Национална конференција „Здравствени политики за сите: Зајакнување и поддршка на девојките, жените и ранливите групи"




Здравствените предизвици во Северна Македонија бараат интензивна соработка меѓу јавниот сектор и граѓанските организации, особено кога станува збор за подобрување на здравствената заштита на најранливите групи. На Националната конференција „Здравствени политики за сите: Зајакнување и поддршка на девојките, жените и ранливите групи" која се одржа на 21 ноември 2024 година во Скопје, експертите истакнаа дека здравствените програми треба да бидат засновани на конкретни докази и да имаат можност за мерење и следење на резултатите. Само така може да се подобри отчетноста и ефикасноста на јавните здравствени политики, создавајќи здравствен систем кој ќе биде инклузивен и праведен.

Со проектот „Унапредување на здравствените права на девојките, жените и ранливите групи", поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас се работи на унапредување на четири здравствени превентивни

програми, вклучувајќи ги Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за рана детекција на малигни заболувања, Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита и Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција. Анализите на овие програми покажуваат сериозни недостатоци, како што се ограничени средства, ниска реализација кај најранливите категории жени и многу понизок број на опфатени граѓани отколку што е потребно.

На пример, Програмата за рана детекција на малигни заболувања  има опфат од 25.000 жени годишно (наместо планираниот 115.345) од групата на жени кои треба да бидат опфатени со скрининг за период од три години. Исто така, жените без здравствено осигурување, од 2022 година се оставени без бесплатни прегледи во бременоста и породувањето. И покрај овие предизвици, со 94% искористен буџет во 2023 година за Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата (искористени се 16,8 милиони денари од предвидените 18 милиони), буџетските ставки наменети за најранливите категории на жени бележат најнизок процент на реализација: од предвидени 890.000 денари, потрошени се 316.190 денари (35% реализација).

Елизабета Божиноска, програмска директорка на ХЕРА посочи дека граѓанските организации имаат клучна улога во унапредувањето на здравствената заштита, особено за ранливите групи кои не можат да пристапат до здравствените услуги. Со значајна поддршка и подобрена координација со институциите, можат да се обезбедат поволни услови за пристап до здравствена грижа за сите.

Претставници од Собранието на Република Северна Македонија, меѓу кои и пратениците Рашела Мизрахи и Венко Филипче, нагласија дека за да се подобри достапноста на здравствените услуги, е потребно да се зголеми координацијата помеѓу институциите и граѓанскиот сектор, како и да се зголемат буџетите за здравствена превенција.

Поранешниот министер за здравство, Венко Филипче, нагласи дека здравствената реформа треба да биде мултисекторска и дека е неопходна поголема координација помеѓу јавниот, граѓанскиот и приватниот сектор. Буџетите за превенција треба да се зголемуваат, и граѓанските организации се клучни во пополнување во јазот онаму каде здравствениот систем нема пристап до ранливите групи на граѓани. Токму затоа опозицијата поднесе амандман за зголемување на буџетот на програмата за ХИВ за 2025 година, за да се одржи превенцијата.

Со овие активности и подобрена соработка, се создаваат услови за изградба на праведен и инклузивен здравствен систем за најранливите граѓани, особени жените и девојките, што ќе го унапреди здравственото право на сите.

*Националната конференција „Здравствени политики за сите: Зајакнување и поддршка на девојките, жените и ранливите групи“ е дел од проектот „Унапредување на здравствените права на девојките, жените и ранливите групи“, поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас, а партнерски го спроведуваат здруженијата ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје и Здружението Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари.*

# Вклучена заедница за отпорност на корупција

На 16 октомври 2024 година, во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје, се одржа тематскиот форум „Вклучена заедница за отпорност на корупција“, кој собра повеќе од 70 претставници од локалната самоуправа, граѓански организации, медиуми, активисти и граѓани на заедничка дискусија за ефективни начини на борба против корупцијата на локално ниво. Форумот беше организиран во рамки на проектот „Дигитална трансформација на локално ниво (ДИГИЛОК) – Вклучена заедница за отпорност на корупција“,  финансиран од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Фокусот беше на зголемувањето на транспарентноста на институциите преку дигитализација и воведување инклузивни алатки за граѓаните. Во своето воведно обраќање, Александар Кржаловски, Национален лидер на тимот на Цивика мобилитас, посочи дека борбата против корупцијата на локално ниво не може да биде успешна без активно вклучување на граѓаните. Дигитализацијата овозможува потранспарентен и побрз пристап до информации, што е клучно за изградба на доверба во институциите.



Бардил Јашари, извршен директор на Фондацијата Метаморфозис, истакна дека  Индексот на отвореност, кој е дел од проектот, има големо значење за борбата против корупцијата, бидејќи обезбедува транспарентност и им дава на граѓаните можност да го следат работниот процес на институциите.

На форумот беа презентирани и резултатите од **Проце-**

**ната на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија** преку Индексот на отвореност за 2024 година, кој покажува дека и покрај малите подобрувања, просечниот степен на отвореност на локалните самоуправи во Северна Македонија е само 37%. Оваа бројка потврдува дека и понатаму постои голем простор за подобрување на транспарентноста на локалните власти.

За најотворена локална самоуправа беше прогласена општина Битола. На форумот, градоначалникот Тони Коњановски посочи дека градоначалниците треба да ја разберат одговорноста што ја имаат пред граѓаните и дека со транспарентноста можат да ги засилат довербата и активното учество на граѓаните.

Дел од форумот беа и новите можности на дигиталната алатка мЗаедница, која овозможува консултации со граѓаните и утврдување на приоритетите на заедницата. Драган Ананиев, секретар на општина Кочани, која е корисник на алатката, сподели искуства од користењето на платформата во борбата против корупција. Тој објасни дека оваа апликација граѓаните најмногу ја користат за пријавување на комунални проблеми.

Проектот продолжува да работи на зајакнување на отпорноста на корупцијата преку дигитализација и соработка помеѓу граѓаните, локалните власти и граѓанските организации, што ја прави заедницата поотворена и одговорна.

# Овозможувачка околина

## Кон посилна соработка меѓу Владата и граѓанските организации: Предлози за измени на Советот за соработка




Одделението за соработка со невладините организации при Генералниот секретаријат на Владата во партнерство со проектите финансирани од Европската Унија „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" и „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" во текот на октомври 2024 г. спроведе циклус на консултации со граѓанските организации за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

На четирите настани учествуваа над 90 претставници на граѓанските организации и државните институции, кои ги дадоа нивните коментари и препораки за предложените измени, главно поврзани со предлози за надминување на проблемите со кои Советот се соочувал во текот на неговото досегашно делување.

Предложени се нови правила за избор на заменици на членовите на Советот, а на граѓанските организации им е овозможено да гласаат за повеќе кандидати од различни области на делување. Препорачано е да се намали бројот на членовите на Советот од 31 на 26, со тоа што 13 членови ќе има од редот на вработените во органите на државната управа и 14 членови и заменици од редот на здруженијата и фондациите. За нив, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија се очекува да објави јавен повик на 20 јануари 2025 година. Советот се формира со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество во Македонија.

Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата во партнерство со Граѓанскиот ресурсен центар во текот на јануари 2025 година ќе спроведат информативни сесии за презентирање на јавниот повик за избор на членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Преку четири информативни средби организациите ќе имаат можност да поставуваат прашања и да добијат појаснувања за повикот, за изборот и гласањето.

Настанот ќе послужи за информирање на организациите за промените во правната рамка за подобрување на овозможувачката средина за развој на граѓансккото општество во земјата како и за процесот на изготвување на новата Стратегија за соработка со и развој на граѓанското општестсво со Акциски план за 2025-2028.

# Скопјани со протестен марш побараа чист воздух

Скопјани во декември излегоа на втор протестен марш против загадувањето на воздухот, организиран по иницијатива на „Зелен хуман град“.

Протестниот марш ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ ја потенцира загриженоста на граѓаните за загадувањето на главниот град. На протестот, кој се одржа на 10 декември 2024 година беа упатени четири барања до надлежните институции.

Првото беше за јавен континуиран мониторинг на индустриските објекти. Овој мониторинг ќе овозможи точно да се утврдат изворите на загадување и нивните влијанија врз животната средина. „Второто барање се однесува на еколошко загревање на објекти како Детската клиника во Козле, која сè уште се загрева на мазут. Третото барање е решавање на автоцентричноста во градот, со приоритет на јавниот превоз и велосипедите над автомобилите и четвртото барање е подобро управување со отпадот“, изјави Борјан Јовановски од иницијативата „Зелен хуман град“.

По одржување на првиот протест во ноември, организацијата „Зелен хуман град“ посочи дека ги доставила овие барања до надлежните институции, но до вториот протест не добиле никаков одговор. Според нив, без реакција од институциите, продожуваат да се полнат болниците, оставајќи пари по аптеките.

Скопје честопати се наоѓа меѓу десетте најзагадени градови во светот, но единствената мерка која често се применува е бесплатен јавен превоз кога воздухот со денови е најзагаден. Сепак организаторите на маршот предупредуваат дека оваа мерка не е доволна, бидејќи секоја година од 3.000 до 5.000 луѓе во државава ги губат своите животи како директна последица на изложеноста на штетните ПМ 2.5 честички.

Како дополнителна потврда за сериозноста на проблемот е и изјавата од директорот на Светска банка за Косово и Северна Македонија, Масимилијано Паолучи, кој посочува дека жителите на Скопје и Тетово се изложени на значително повисоки нивоа на токсични ПМ 2,5 честички, во споредба со граѓаните во земјите од Западна Европа.





# Донаторски кружок во Струмица за поддршка на локалните иницијативи



Повеќе од стотина граѓани учествуваа на првиот Донаторски кружок организиран од Центарот за истражување и анализи „НОВУС", каде се собираа средства за поддршка на три граѓански здруженија.

Со подигање палки, граѓаните даваа по 500, 1000 и 1500 денари за да може да се реализираат работите што ги покренаа здруженијата Мобилност од Струмица, „Говорот на срцето" од Босилово како и Велосипедскиот клуб „Актив".

Од „Мобилност" покренаа иницијатива да се соберат средства за да им се поправи комбето со кое се превезуваат лицата со телесен инвалидитет. Од „Говорот на срцето" побараа средства за да се одржат работилници за помош на родителите кои имаат деца со аутизам, додека членовите на ВК „Актив" покренаа иницијатива за проширување на кампингот на Беласица со нови бараки за престој и одмор на рекреативците.

Саве Џурновска од „Новус" изјави дека овој донаторски кружок е одличен начин за мобилизирање на заедницата и заедничко вложување во подобрување на локалниот живот. „Нашата цел беше да направиме мали дела на добрина со кои заеднички можеме да го подобриме животот во заедницата. Ова се иницијативи кои дојдоа од граѓанските здруженија. Тие ги претставија пред граѓаните кои сами одлучуваа каде да донираат. Ќе продолжиме и во иднина да организираме вакви донаторски кружоци оти само со заеднички сили можат да се подобрат нештата", рече таа.

Трите организации собраа околу 135 илјади денари. Парите ќе одат за трите граѓански иницијативи од кои корист би имала целата заедница. Донаторскиот кружок ЦИА „Новус" во Струмица го реализираше во соработка со „Конект" која веќе пет години се обидува да ја воведе филантропијата како нов начин на заедничко вложување во локални иницијативи и проекти.

# Проблемите со јавниот превоз во Скопје

Јавниот превоз во Скопје во текот на ноември беше во тотален колапс. Во Скопје сообраќаа само 25 автобуси. Недостигот на нафта неколку дена го попречуваше нормалното функционирање на ЈСП и предизвика сериозен проблем во транспортот на учениците и на вработените во главниот град.

Универзитетското студентско собрание при Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, во писмо до скопската градоначалничка Арсовска и до ЈСП побара враќање на автобуските линии и воспоставување нови решенија за транспорт.

Граѓаните преку социјалните мрежи се организираа за превоз и апелираа до сите кои одат на работа со сопствено возило да застанат на најблиската автобуска станица и да прашаат студенти, пензионери дали има некој да превезат до попатната дестинација.

„Жени, прочитав дека нема да има утре автобуси. Јас утре одам накај работа во 6 и 25. Нека се јави некоја ако ѝ треба превоз во тој правец. Максимум можам 3 жени да земам, затоа што имам позади бебе во седиште. Ќе се стуткаме. Пишете ми", се вели во една објава на социјалните мрежи.

Друга скопјанка напиша:

„Луѓе ова не се трпи, денеска цел ден на работа бев капната. Утрово чекав 2 часа. На крај си платив такси. Чекав 2 часа и не дојде, сè по таксиња се качивме. Јас во петок одам на протест, вие како сакате!".

Граѓаните од скопската општина Шуто Оризари, но и средношколци и студенти на 22 ноември излегоа на протест пред Град Скопје за да го искажат својот револт од нередовниот градски превоз во главниот град на Северна Македонија.

„Јавен превоз, а не јавен хаос" беше мотото под кое излегоа студентите и побараа политичките препукувања да не влијаат на благосостојбата на граѓаните.

Поради оваа актуелна ситуација, поврзана со ЈСП и редовните автобуски линии, Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ изрази сериозна загриженост. Преку соопштение до јавноста, организацијата апелираше на обезбедување сигурен и редовен јавен превоз, кој е од клучно значење за децата и младите за да стигнат до училиштата и образовните институции.

Од МЕЃАШИ истакнаа дека недостатокот на јавен превоз го загрозува правото на образование и повика надлежните институции да преземат итни мерки за решавање на проблемот, нагласувајќи дека политичките интереси не смеат да ги загрозуваат основните права на граѓаните.

# ЗАЕДНО ПОСИЛНИ собира средства за лицата со ХИВ








На 1 декември 2024, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ го одбележа Светскиот ден за борба против СИДА, а истовремено го прослави и својот 15 роденден со добротворен настан. Овој ден, кој се одбележува веќе 36 години, беше посветен на подигнување на свеста за стигмата и дискриминацијата што сè уште ги засегаат лицата што живеат со ХИВ. Македонија заедно со сите држави на Обединетите нации имаат за цел ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година.

Под слоганот „ХИВ не ме прави помалку човек", здружението организираше добротворна аукција и ноќна забава. Во соработка со Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, 18 студенти дизајнираа 20 постери кои беа изложени на настанот. Во текот на вечерта, благодарници беа доделени на студентите, донаторите и истакнатите членови на здружението.

Вториот дел од вечерта беше посветен на аукција на осум од најдобрите студентски дизајни. Преку интеракција со публиката сите дела беа успешно продадени низ забавен процес на лицитација. Дизајните врамени во квадратни рамки беа лицитирани како слики кои можат да се постават во приватен или професионален простор. Сите парчиња носат превентивни пораки за ХИВ инспирирани од овогодинешниот слоган: „ХИВ не ме прави помалку човек".

Аукцијата, водена од Катерина Синадиновска и ди-џеј сет од Соња Исмаил, беше успешна, а собраните средства од 101.020 денари ќе се користат за помош на лица со ХИВ во тешка материјална положба преку обезбедување на основни прехранбени и хигиенски производи, како и покривање на патни трошоци за медицински потреби во текот на 2025 година.

Македонија заедно со сите држави членки на Обединетите нации имаат за цел ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година. Стигмата и дискриминацијата се сè уште дел од животите на лицата што живеат со ХИВ, па токму затоа ЗАЕДНО ПОСИЛНО продолжува да се бори за нивно намалување.

*Настанот беше поддржан од Алкалоид Конс, ЗЕГИН, Европски универзитет, New Moment и МАККА БАР, а целта беше да се продолжи борбата против стигмата и да се обезбеди поддршка за оние кои се соочуваат со ХИВ.*





# ЈУБИЛЕИ

# ЗМАИ одбележува деценија на иновации




На 12 ноември 2024 година, беше одржана конференција по повод 10 годишнината на здружението за истражување и анализи (ЗМАИ). Конференцијата, на тема „Иднина управувана од податоци: Пионерство во иднината со податоци и вештачка интелигенција“, собра визионери, претприемачи и професионалци да размислуваат за една деценија на трансформација и да ја истражат иднината на податоците и вештачката интелигенција.

Главниот говорник Трој Стовал, извршен директор на Maryland Technology Development Corporation (TEDCO) го нагласи транс-формативниот потенцијал на податоците и вештачката интелигенција. „ВИ и податоците не се само алатки за трансформација – тие се огледала што ги одразуваат нашите најголеми амбиции и предизвици. Не се работи за страв од иднината, туку за нејзино одговорно обликување со можностите на располагање“, истакна тој, охрабрувајќи ја публиката да ја прифати трансформативната моќ на овие технологии.

По неговото обраќање, следеше интерактивна сесија со прашања и одговори, која на присутните им овозможи дискусии и размислувања за иднината на технологијата и нејзината улога во општеството.

Конференцијата премина во интервјуа со успешни алумни на StartUp Academy, интензивна и едукативна 8-неделна програма која функционира од 2013 година.

Тимот се состои од искусни и успешни претприемачи и посветени ментори, чија задача е да ги насочат младите претприемачи на пазарот на трудот и да ги зајакнат нивните претприемачки вештини.

Овие успешни македонски претприемачи и професионалци ги споделија своите лични патувања и согледувања, илустрирајќи како Академијата ги опреми да напредуваат во дигиталниот пејзаж кој брзо се развива.

Емилија Шумановска, основачка на Yes Pasta, се осврна на своето претприемачко патување, велејќи дека секој предизвик е шанса за раст, додека Горјан Стојановски, специјалист за раст базиран на податоци и специјалист за дигитална трансформација, посочи дека балансот во бизнис партнерствата е клучен за успех.

Конференцијата по повод 10 годишнината на ЗМАИ беше доказ за трајното влијание на StartUp Academy и нејзината посветеност на иновациите и растот. Таа останува инспирација за претприемачите и креаторите на промени, охрабрувајќи ги да ја искористат моќта на податоците и вештачката интелигенција за подобра иднина.

# Хелсиншки комитет одбележува 30 години борба за унапредување и заштита на човековите права




Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) оваа година го прославува својот 30 годишен јубилеј, одбележувајќи го симболично на Денот на потпишувањето на Универзалната декларација за човекови права, 10 декември.

Свечениот настан се одржа на Правниот факултет во Скопје, каде присутни беа професори, правници, претставници на граѓанските организации и на медиумите. На настанот бројните гости имаа можност да видат дел од документарниот филм на Борјан Јовановски, во кој првиот претседател и основачот на македонскиот Хелсиншки комитет за човекови права, Мето Јовановски се потсетува на почетоците и предизвиците при основањето на организацијата.

На присутните им се обрати извршната директорка на ХКЧП, Уранија Пировска, која порача дека и по 30 години постоење, организацијата продолжува да се соочува со предизвици, но успешно ги надминува. „На луѓето во Хелсиншкиот комитет единствена цел секогаш им е борбата за каузата, а тоа е заштитата на човековите права. Нашиот фокус секогаш бил свртен кон ранливите, маргинализираните и кон оние феномени кои директно ги загрозуваат човековите права", порача Пировска. Таа го нагласи и значењето на платформите за следење на говорот на омраза и кривичните дела од омраза, кои од 2013 година постојат со поддршка на Мисијата на ОБСЕ.

Умер Ал-Катиб, раководител на Одделот за човекова димензија во Мисијата на ОБСЕ – Скопје го поздрави значајниот придонес на Хелсиншкиот комитет во промоцијата на човековите права и владеењето на правото во Северна Македонија и регионот, додека Уставниот судија Осман Кадриу потсети на важноста на организацијата во заштитата на правата на ранливите групи, како затворени лица и невработени, и нејзините иницијативи за усогласување на законите со Уставот. Тој посочи дека Хелсиншкиот комитет има поднесено најголем број на барања и иницијативи до Уставниот суд, барајќи да се преиспитаат одредени закони и нивната усогласеност со Уставот на државата.

Професорот Гордан Калајџиев потсети на развојот на ХКЧП. Тој се осврна на придонесот во врска со човековите права и владеењето на правото кои се централна идеја на една правна држава. Калајџиев апелираше и на почитување на поделбата на власта зашто без тоа нема демократија.

Неда Здравева, претседателка на Хелсиншкиот комитет ги истакна постигнувањата на организацијата и потенцираше дека само во изминатите четири години, Комитетот успеал да обезбеди бесплатна правна помош за над 1000 граѓани, регистрирал илјадници јавни говори на омраза и неколку дела од омраза, напишал десетици соопштенија до јавноста истакнувајќи ги недостатоците во развојот на општествениот и политичкиот систем во државата со цел да ги повика властите совесно и одговорно да ја вршат својата работа во остварувањето и заштитата на човековите права.

**Центарот за граѓански комуникации и Лила Милиќ се добитници на државната награда „Мето Јовановски" за човекови права**

На Меѓународниот ден на човековите права, 10 декември, во Собранието на Република Северна Македонија свечено беше врачена државната награда „Мето Јовановски" за 2024 година, чии добитници се Центарот за граѓански комуникации и Лила Милиќ. Со државната награда „Мето Јовановски" се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на промоцијата, заштитата и унапредувањето на човековите права.



# ВЕСТИ
# ОД ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# Младите можат и сакаат да бидат дел од активностите за подобрување на животната средина




На 7 октомври 2024 година, тимот на Цивика мобилитас ја организираше втората средба помеѓу грантистите и НЕ Вероник Хулман, Амбасадорката на Швајцарија. На средбата беа  презентирани поддржаните проекти од областа на животната средина и климатските промени, а целта беше, покрај подеталното запознавање, да се поттикне дискусија за предизвиците со кои се соочуваат организациите при спроведувањето и да се видат можностите за синергија меѓу нив и другите проекти поддржани од Владата на Швајцарија.

„Потребна е поголема свесност кај политичарите за прашањата поврзани со животната средина“, нагласи Амбасадорката Хулман, а Кармени Тенисен, заменик директор на Глобалната програма за безбедност на храна во Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) истакна дека граѓанските организации би требало да се позанимаваат со промена на менталитетот и да го следат спроведување на политиките таму каде што ги има.

Претставниците на граѓанските организации информираа за тековните активности кои вклучуваат иновации за зелена социјална работа, за процесите на  компостирање и собирање био отпад, за Зелена агенада на Западен Балкан во општините итн. Дел од нив истакнуваа дека дека за климатските промени треба повеќе да се зборува и работи на локално ниво, но дека мора да се имаат предвид ограничувањата на општинските буџети и на човечките ресурси, особено на малите општини.

Амбасадорката Хулман поттикна размислување за воспоставување на платформа за животна средина на национално ниво. Таа се интересираше за вклучувањето на младите во активностите на оваа теме, особено ако се има предвид дека често се зборува за нивната апатичност. Присутните се согласија дека младите треба да бидат клучни актери во промените. „Без разлика колку немотивирани изгледаат, ако го најдете вистинскиот пристап, тие учествуваат“, рече Ирина Главинчевска од Извидничкиот поречански одред КРСТЕ ЈОН од Струга и додаде дека е важно да им се покаже на младите дека нивниот глас се слуша и се вреднува. Слични искуства сподели и Никола Нешкоски од Еко Логик. Според него, проблем е што натавата на децата главно се базира на теорија, а малку на пракса, а од друга страна, тие многу повеќе учествуваат и учат од пракса. „Кога ќе им се даде признание на младите, тие сакаат да продолжат и да бидат активни“, рече тој.

На состанокот учествуваа претставници на Центарот за младинскиот активизам Крик,  Центарот за социјални иницијативи „Надеж“ , Центарот за климатски промени – Гевгелија, Еко-зелено движење-Берово, Извидничкиот поречански одред КРСТЕ ЈОН – Струга,  Центарот за ресурси во животната средина (РЕЦ) , Еко Логик и Регионален зелен центар Охрид.

# Цели и стратегии за градење на „Островите на интегритет“



Продолжи спроведувањето на работилниците „Острови на интегритет“ за 12 грантисти на Цивика мобилитас. Учесниците на третата работилница почнаа да ја подготвуваат првата верзија на документот кој вклучува цели за зајакнување на интегритетот и спречување/ограничување на корупцијата и стратегии за постигнување на целите преку системски промени.

Двете концептуални рамки кои се користеа во фазата на дијагноза се базираа на формулата за корупција според која, корупцијата е еднаква на монопол плус дискреција минус транспарентност и отчетност и на анализа на трошоците и придобивките. Во првата рамка двете цели на кои работеа учесниците беа: да се ограничат монополот и дискрецијата и да се подобрат отчетноста и транспарентноста. Во втората рамка целта беше да се зголемат придобивките од работењето со интегритет и загубите поради корупција.

Во таа смисла, учесниците работеа во групи и дискутираа пленарно за тоа кои би можеле да бидат стратегиите кои ќе ги ограничат монополот и дискрецијата, за видовите контроли што треба да ги има секоја организација, за тоа како да се избегнат корупцијата и дискрецијата на повисоките нивоа, како и за тоа кој треба да ги контролира оние кои контролираат.

Во вториот дел, учесниците дискутираат за тоа што го мотивира однесувањето на луѓето и што би ги натерало да работат со интегритет. Тие подетално работеа на системите кои создаваат надворешна и внатрешна мотивација, односно како да се создаде ефикасен систем на наградување и казнување и како да се поттикне автономијата, да се негува усовршувањето и подобрувањето на целта.

Учесниците ќе го завршат документот по враќањето во организациите, откако ќе ги консултираат своите соработници. По ова, им останува уште една работилница пред да ја подготват стратегијата и акцискиот план со чие спроведување ќе направат организациски промени за да го зајакнат интегритетот и да ја намалат ранливоста на корупција на своите организации.

# Споделете ги вашите успеси со граѓаните преку еПлатформата




Дали знаете дека оваа година содржините на Цивика мобилитас допреа до над 12.000 граѓани од 80 различни земји? Во 2024, објавивме повеќе од 300 вести од преку 30 граѓански организации на три јазици: македонски, албански и англиски.

**Не ја пропуштајте можноста да ја зголемите видливоста на вашата организација!**

Споделете ги вашите вести, иницијативи и успеси на нашата платформа во делот „**Вести од Граѓанските организации**“. Еве како можете да се приклучите:

- **Автоматско преземање на вести**: Ако вашата веб-страница поддржува автоматско преземање на содржини, пријавете ја нејзината адреса и ние ќе ги преземеме вашите вести автоматски.
- **Рачно додавање на вести**: Ако немате веб-страница или таа не поддржува автоматско преземање, лесно можете да ги споделите вашите вести преку едноставно пополнување на формуларот за додавање вест на нашата платформа.

### Зошто е важно да ја зголемите вашата видливост?

Со споделување на вашите вести, вие ја проширувате вашата порака и ги привлекувате луѓето кои се заинтересирани за вашата работа и мисија.

### Едноставен начин да допрете до повеќе граѓани

Е-платформата овозможува да ги споделите вашите активности без дополнителен ангажман. Особено со опцијата за автоматско преземање на вести, секоја ваша новост автоматски ќе се појави и кај нас, обезбедувајќи поголема изложеност без дополнителен труд.

### Зголемената видливост носи нови можности

Повеќе видливост значи повеќе шанси за соработка, поддршка и влијание. Споделувајќи ги вашите успеси и иницијативи, не само што го зајакнувате имиџот на вашата организација, туку и ја зајакнувате вашата улога во заедницата. **Споделете ги вашите успеси веднаш**

# Граѓанските организации развиваа стратегии за одржливо финансирање

Што значи одржливост на граѓанските организации? Како се се размислува визионерски? Како да се оцени одржливоста? Кои се добрите практики во оваа област? Ова беа дел од прашањата за кои разговараа учесниците на работилницата „Добри практики за одржливост на граѓанските организации“ која ја водеше Сајмон Форестер, меѓународниот експерт на Цивика мобилитас, а се одржа на 24 и 25 октомври 2024 година во Берово.

За добрите практики на своите организации во оваа област зборуваа Јасмина Голубовска од „Легис“ и Ангела Здравковска од „Крик“. Тие ја истакнаа важноста на партнерствата, кредибилитетот и обезбедување приходи усогласени со мисијата. „Секоја можност да го надградиме нашето знаење и споделиме искуства е добредојдена за зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации. Цивика мобилтас го овозможува токму тоа,“ рече Голубовска.

Учесниците дискутираа за поимот одржливост во нивните организации. „Нашата визија за одржливост вклучува развој на образовни ресурси кои ги оспособуваат младите преку вештини во дебатирање и критичко размислување,“ рече Ристо Савески од Младинскиот образовен форум (МОФ). За Калина Лечевска од Институтот за општествени и хуманистички науки (ИОХН), одрживоста е обезбедување грантови за поддршка на тековните истражувања во културни, политички и родови студии, за да продолжат да ги промовираат демократските вредности.

Форестер ги поттикна учесниците да го пробаат концептот блу скај тинкинг (blue sky thinking) кој помага за визионерско и размислување без ограничувања. Овој метод им помогна на граѓанските организации да се оддалечат од секојдневните оперативни предизвици и да размислуваат за своите долгорочни цели. Беше презентиран и моделот на три круга на одржливост, кој им помага на граѓанските организации да ја проценат својата одржливост од аспект на мисијата, активностите и надворшните односи. Форестер истакна дека соработката меѓу секторите може да ја зголеми отпорноста и да го зајакне колективниот импакт.

Учесниците дискутираа за поимот одржливост во нивните организации. „Нашата визија за одржливост вклучува развој на образовни ресурси кои ги оспособуваат младите преку вештини во дебатирање и критичко размислување,“ рече Ристо Савески од Младинскиот образовен форум (МОФ). За Калина Лечевска од Институтот за општествени и хуманистички науки (ИОХН), одрживоста е обезбедување грантови за поддршка на тековните истражувања во културни, политички и родови студии, за да продолжат да ги промовираат демократските вредности.

Форестер ги поттикна учесниците да го пробаат концептот блу скај тинкинг (blue sky thinking) кој помага за визионерско и размислување без ограничувања. Овој метод им помогна на граѓанските организации да се оддалечат од секојдневните оперативни предизвици и да размислуваат за своите долгорочни цели. Беше презентиран и моделот на три круга на одржливост, кој им помага на граѓанските организации да ја проценат својата одржливост од аспект на мисијата, активностите и надворшните односи. Форестер истакна дека соработката меѓу секторите може да ја зголеми отпорноста и да го зајакне колективниот импакт.

На крајот, Форестер презентираше иновативни меѓународни модели за финансирање од Велика Британија, Индија и Јужна Африка. Овие примери би можеле да ги инспирираат македонските граѓански организации да истражат нови извори на приходи, вклучително и социјални претпријатија и локални партнерства.






## „Подобра и посигурна иднина за мене и за моите деца“



Нема погрешно време за правење промени, во сопствените животи, во заедницата или општеството во кое живееме. Луѓето што се подготвени за тоа полесно ги прифаќаат предизвиците и ги препознаваат можностите. Токму како нашата соговорничка чие искуство го споделуваме.

Е.А., е млада жена, самохрана мајка на три деца која секојдневно се соочува и бара решенија за предизвиците што и ги приредува животот. Ја запознав на професионалните козметичарски курсеви за жените од Тетово. „Морам да се борам, за себе и за моите три деца на кои треба да им обезбедам подобра и посигурна иднина“, вели таа. Финансиската стабилност и сигурност на Е.А. и изгледаат поизвесни откако се вклучила во крусевите што ги организира Женската граѓанска иницијатива АНТИКО, а ги поддржува Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. За курсевите дознала преку информации од граѓански организации, се пријавила и се вклучила во групата која започнала со настава на 25 септември 2024 година. Курсевите се бесплатни за учесничките и им овозможуваат да се стекнат со вештини кои ќе им го олеснат вклучувањето на пазарот на труд и ќе ја зајакнат нивната економска независност.

**Прочитајте ја целата приказна тука**.

## Позитивните општествени промени се можни преку соработката на Владата и граѓанските организации



Цивика мобилитас го одржа својот годишен настан, оваа година во соработка со Владата на Република Северна Македонија и со заеднички наслов Национална конференција на граѓански организации – Национален форум на Цивика мобилитас.

Форумот се одржа на 15 ноември во хотел Холидеј Ин и на него учествуваа повеќе од 200 претставници на граѓанските организации од целата држава кои ги поздрави амбасадорката на Швајцарија, Н.Е. Вероник Улман, а зборуваа Христијан Мицкоски, претседател на Владата; Александар Кржаловски, лидер на тимот на Цивика мобилитас; Игор Јанушев, генерален секретар на Владата, како и Изет Меџити, прв заменик претседател на Владата и министер за животна средина и просторно планирање; Весна Јаневска, Министерка за образование; Златко Перински, министер за локална самоуправа; Зоран Љутков, министер за култура; и Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација.

Амбасадорката Н.Е. Вероник Улман се осврна на поддршката на Владата на Швајцарија за граѓанското

општество и истакна дека покрај постигнувањата, остануваат уште предизвици како што се „поларизацијата на општеството, политизацијата на граѓанските организации, финансиската ранливост, недостатокот на транспарентност и недоверба меѓу државата и граѓанското општество“. Таа истакна дека заедничкото надминување на овие предизвици ќе придонесе да се воспостават неопходни услови за граѓанското општество да стане кредибилен партнер на државата.

Премиерот на Владата на РСМ Христијан Мицкоски во своето обраќање истакна дека е убеден дека во дијалог со граѓанските организации може да се носат поквалитетни одлуки за промени во општеството. „Суштината на овие средби е што вистински ние треба да испорачаме“, рече тој и додаде дека меѓу овој и следниот настан треба да се спроведат активности кои ќе се договорат. „Отворени сме заедно да работиме со граѓанскиот сектор и да најдеме заеднички решенија на реални проблеми, сметам дека поголема транспарентност од тоа нема“, додаде тој.

Подобрувањето на довербата меѓу Владата и граѓанските организации и во општеството генерално е едно од клучните прашања според Александар Кржаловски, лидер на тимот на Цивика мобилитас. Тој ги покани учесниците да го искористат Форумот во духот на соработка. Генералниот секретар на Владата на РСМ, Игор Јанушев побара од граѓанските организации време за да докажат дека можат да помогнат.

**Прочитајте ја целата вест тука**.

## Организациите ги привршуваат стратегиите за интегритет




Дванаесет грантисти на Цивика мобилитас ги завршија планираните работилници „Острови на интегритет“. За време на четвртата работилница што се одржа на 20 ноември 2024 година тие работеа на своите стратешки, и на акциските планови за интегритет на нивните организации.

Акциските планови всушност беа разработка на стратегиите кои ги формулираа за време на претходните работилници, а кои опфатија три главни цели:

1) да се ограничат монополот и дискрецијата при носењето одлуки, 2) да се подобрат транспарентноста и отчетноста и 3) да се зголемат придобивките од работењето со интегритет и да се намалат загубите поради корумпираност.

Дискусиите во текот на работилницата овозможија да се разјаснат дел од дилемите. За останатите предизвици, организациите ќе можат да се консултираат со нивните ментори. По работилницата, организациите ќе ги продолжат интерните разговори за планираните стратегии и активности и ќе го подготват првиот нацрт на Стратешкиот и на Акцискиот план. Овие документи ќе бидат финализирани по коментарите од менторките, а организациите ќе почнат да ги спроведуваат од почетокот на следната година.

## Подобар третман на лицата со попреченост – да учиме едни од други



„Првпат сме сите овде, очи во очи, за да зборуваме отворено не да критикуваме, туку да најдеме начини како меѓусебно да си помогнеме“, вака Гордана Трајковска, претседателка на „Порака“ Неготино ги поздрави лицата со попреченост, родителите и медицинскиот персонал кои се собраа на првата тркалезна маса наречена „Да се соочиме со предизвиците и стигматизацијата“.

Во просторијата каде што беа собрани сите можеше да се допре надежта и решителноста. Гордана го „скрши мразот“ со емотивната приказна за нејзината 34 годишна ќерка Божидарка, корисник на услугите на „Порака“. „Борбата не е само за физичка пристапност, туку и за емпатија, почит и еднаков третман“, рече таа. „Секој ден е борба, но секој ден е и можност. Јас сведочам на оваа ситуација бидејќи ја гледам од улога на родител, и претседателка на организацијата што ги дава услугите“, раскажува Гордана.

Родителите на деца со попреченост, Валентина Тасева и Далиборка Златева, зборуваа за секојдневните предизвици како што е транспортот, специјализирани медицински помагала, соодветната едукација за докторите и огромниот финансиски товар кој го носат за физикалните вежби, медицинските помагала и респираторните уреди. **Прочитајте ја целата приказна тука.**

# „Потребен е колективен одговор на предизвиците за постигнување трајни резултати“



Размената на искуства и дискусиите за предизвиците во спроведувањето на активностите беа во фокусот на традиционалната Средба за вмрежување на Цивика мобилитас што се одржа на 4 и 5 декември 2024 година во Скопје на која учествуваа 94 претставници на 58 граѓански организации, грантисти на програмата и експерти.

„Нема демократија без силно граѓанско општество на национално но, и на локално ниво“, истакна Амбасадорката на Швајцарија, Вероник Улман во нејзиното обраќање пред учесниците. Таа зборуваше за довербата на граѓаните во граѓанското општество која им го обезбедува кредибилитетот кај носителите на одлуки. Според неа, во оваа фаза Цивика мобилитас има цел да ја зголеми отчетноста помеѓу граѓанските организации и граѓаните. Другата цел е дијалогот со носителите на одлуки како што се Владата и општините, а третата, капацитетот за застапување. Овие цели се одразени во доделените грантови кои ги добија организации што работат заедно, не само не еден проект, туку на една кауза, на промена што сакаат да ја постигнат и промовираат.

„Вашето присуство и активно учество денес и утре се клучни за успехот на оваа Средба и за резултатите кои ќе ги пренесеме во нашето идно работење,“ истакна Дарко Димов, координатор на Цивика мобилитас во неговото обраќање.

„Цивика мобилитас е заедница која создава промени“, рече Салија Беќир Халим од Здружението „Иницијатива за правата на жените“ од Шуто Оризари во нејзиното обраќање. Таа, како член на заедницата на Цивика мобилитас и тековен грантист го истакна значењето на програмата како платформа за поддршка и вмрежување на граѓанските организации. Зборувајќи за постигнувањата на нејзината организација, таа ја потенцираше корисноста од партнерствата и размената на искуства, покрај финансиска поддршка. „Само заедно можеме да изградиме праведно и инклузивно општество,“ порача Беќир Халим, и додаде дека соработката со Цивика мобилитас и останатите организации е клучна за остварување на визијата за подобро општество.

**Прочитајте ја целата вест тука.**

# Пронајдете и споделете ресурси за граѓанскиот сектор на е-Платформата на Цивика мобилитас

Доколку ви се потребни квалитетни **ресурси** за вашите активности во граѓанскиот сектор, е-Платформата на Цивика мобилитас е вистинското место за вас! На располагање имате над 1,000 бесплатни материјали на македонски, англиски и албански јазик.

Што може да најдете?

- Преку 850 ресурси на македонски јазик
- Преку 130 ресурси на англиски јазик
- Преку 70 ресурси на албански јазик

Имате ресурси за споделување?

Секој ваш ресурс може да допринесе за заедницата. Зголемете ја видливоста и споделете ги вашите материјали преку пополнување на формуларот достапен на македонски, англиски или албански јазик. Ресурсите може да бидат во формат аудио или видео запис, database, инфографик, презентација, промотивен материјал, публикација, сторија која би била од корист на граѓаните и граѓанските организации.

Зошто е важно да ги споделите вашите ресурси?

- **Поддршка за другите организации** – Вашето искуство и материјали можат да помогнат на други во нивните активности.
- **Поголема видливост** – Споделувајќи ги вашите ресурси, ја зголемувате препознатливоста на вашата работа и вашиот придонес.
- **Промоција на транспарентност и соработка** – Со споделување, поттикнувате култура на соработка и размена на знаења во граѓанскиот сектор.

**Пополнете го формуларот** и овозможете вашите материјали да станат достапни за сите во граѓанскиот сектор.

**Прегледајте ги постоечките ресурси** и пронајдете го тоа што ви е потребно.

# Од отпад до иновација: Младите како носители на еколошка трансформација




Промената започнува од нас, но најмногу од младите. Токму тие, со нови знаења и свесност, можат да бидат носители на позитивни промени во своето опкружување. Кога младите се запознаваат со предизвиците во нивната околина, стануваат активни учесници во процесот на трансформација.

Ме инспирираа одржаните едукативни работилници на тема „Техники за трансформација на биоотпадот“, што ги организираше Центарот за ресурси во животна средина (РЕЦ) во партнерство со Еко Логик и Флорозон – Центар за еколошка демократија. Работилниците се одвиваа во биотехнолошката лабораторија во средното хемиско училиште „Марија Кири Склодовска“ во Скопје а беа наменети за ученици од основните училишта. Имав привилегија да присуствувам на една од работилниците и лично да ги набљудувам експериментите во друштво на учениците од ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ од Кисела Вода.

Тивки, многумина од нив срамежливи, учениците пристигнаа во лабораторијата. Како што ми објаснува Тамара Радовановиќ од РЕЦ, многу од учениците, овде, за прв пат се сретнуваат со ваков тип настава. „На почетокот се малку скептични и срамежливи, но како што напредуваат активностите, гледаат дека навистина станува збор за нешто интересно и значајно за нивната иднина“, вели таа, додека учениците ги облекуваат белите мантили и ги подготвуваат рацете за работа.

**Прочитајте ја целата приказна тука.**

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

Главен и одговорен уредник: Гонце Јаковлеска

Уредник: Каролина Ѓурковска

Адреса на редакцијата:
ул. Никола Парапунов бр. 41а, поштенски фах 55, 1060 Скопје

Телефон: ++ 389 (0)2 3065 381

Е-маил: helpdesk@civicamobilitas.mk

CIVICA MOBILITAS

„Граѓаните за промена“ го издава програмата Цивика мобилитас проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

Прилозите објавени во ова списание ги изразуваат погледите на авторите и/или организациите кои придонесуваат кон списанието, но не оние на Амбасадата на Швајцарија или оние на организациите спроведувачи: МЦМС, НИРАС или ФЦГ.

www.civicamobilitas.mk